МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Наставна програма**

# Македонски јазик за учениците од другите заедници за VIII одделение

Скопје, 2025 година

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Македонски јазик за учениците од другите заедници |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VIII (осмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Моето секојдневие во средината во која учам, живеам и се дружам<br>• Во непосредната околина<br>• Комуникации, поврзувања и запознавање на сличностите и разликите |
| **Број на часови** | 2 часа неделно /72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија, печатач.<br>• Средства и ресурси за учење: фотографии, слики, плакати, постери од книжевници, шеми и прикази за наставниот материјал, паноа кои го следат материјалот по подрачја; речници, правопис, лексикони, енциклопедии, книги, едукативни софтевери, снимки од нарации, аудио – визуелни снимки;<br>• Библиотека во училница, училишна библиотека. |
| **Норматив на наставен кадар** | Настава по Македонски јазик за учениците од другите заедници во VIII одделение на деветгодишното основно образование може да реализира лице кое завршило наставна насока на студиските програми:<br><br>• Македонски јазик и книжевност VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонска книжевност и култура VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Општа и компаративна книжевност VII/1 или VI A т.е 240 кредити; |

| | |
|---|---|
| | • Македонски јазик и англиски јазик (германски јазик, француски јазик) VII/1 или VI А т.е 240 кредити.<br><br>Забелешка: Лицата кои завршиле применета насока од наведените студиски групи и се здобиле со педагошко – психолошка и методска доквалификација можат да реализираат настава по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници во основното образование. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во Наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици - Македонски јазик за припадниците на другите заедници**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| II-A.1 | да разбере реченици и често употребувани фрази што се однесуваат на области од најнепосредна лична важност (како лични и семејни информации, потреби и интереси); |
| II-A.2 | да ја извлече главната поента во јасни, едноставни пораки, соопштенија, упатства, молби и сл.; |
| II-A.3 | да прочита и разбере едноставни текстови од различни видови, на позната и помалку позната тематика, соодветни на возраста; |
| II-A.4 | да најде конкретни информации во текстови во реални материјали (како на пример, реклами, проспекти, упатства, брошури, менија, возни редови и сл.) и да разбере куси едноставни пораки, со цел да се снајде во секојдневни ситуации; |
| II-A.5 | да комуницира во конкретни и секојдневни ситуации кога се бара едноставна и директна размена на информации на познати теми; |
| II-A.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| II-A.7 | да користи најчесто употребувани искази и реченици кои произлегуваат од непосредното искуство и/или се однесуваат на теми и ситуации од непосреден интерес; |

| | |
|---|---|
| II-А.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила; |
| II-А.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување; |
| II-А.10 | да изрази и аргументира чувство и мислење во врска со нешта од непосреден интерес; |
| II-А.11 | да користи низа од искази и реченици за да напише порака, писмо, белешка, разгледница и да опише со едноставни зборови нешта од непосреден интерес. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и се можност за комунакација со припадници на различни културни/јазични групи |
| II-Б.2 | со познавањето на повеќе јазици се олеснува пристапот до ресурси што се корисни за совладување на други наставни предмети/содржини, |
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и почит за различни јазици и култури, |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: **Личен и социјален развој, Дигитална писмнеост, Општество и демократска култура и Уметничко изразување и творење**

**V. Личен и социјален развој**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| V-А.1 | да разликува здрав од ризичен животен стил кога се работи за сите сфери на живеење (вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности и сексуално однесување); |
| V-А.2 | да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје и добросостојба; |
| V-А.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални (на пр., родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пр, ученик, син/ќерка); |

| | |
|---|---|
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себе си и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешниото во сопствените и туѓите постапки и да манифестира диблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош. |
| V-A.12 | успешно да се справува со социјални притисоци; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |

| | |
|---|---|
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања, со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки; |
| V-A.20 | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува на решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |
| V-Б.6 | успехот во животот, во голема мера, зависи од целите што ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

**IV. Дигитална писменост**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| IV-A.1 | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие што се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација; |
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користењена ИКТ, да одбере и инсталира програми што му се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи; |
| IV-A.3 | да користи различни начини на организирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување; |
| IV-A.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/и сепотребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини, и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| IV-A.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, даги анализира податоцитеи да ги претстави на различни начини почитувајќи ги правилата за користење; |
| IV-A.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |
| IV-A.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-A.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| IV-A.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| IV-A.11 | да планира и да развива секвенци од јасни инструкции за изведување конкретна задача и да ги прикаже како програмски алгоритам; |

| | |
|---|---|
| IV-А.12 | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика; |
| IV-А.13 | да дефинира критериуми за квалитет на дигитални продукти и решенија вклучувајќи ги иновативноста и корисноста. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.2 | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има ограничувања и може да носи ризици за поединецот или општеството; |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите што се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и сајбер насилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето; |
| IV-Б.6 | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи; |
| IV-Б.7 | неумереното и во несоодветна положба (неергономски) користење на дигиталните технологии може негативно да влијае на здравјето, личниот и социјалниотживот, а несоодветното складирање на дигиталниот отпад неповолно влијае врз животната средина. |

**VI. Општество и демократска култура**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VI-A.1 | да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки; |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.); |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротиставува на него; |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-A.9 | да препознае ранливи групи во општеството и да учествува во и да подржува хуманитарни и волонтерски акции, |

| | |
|---|---|
| | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување; |
| VI-A.19 | да ја објасни важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамките на училиштето. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.) |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќиги и децата, имаатправодагиизразуваатсвоитемислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со  нивните потреби и интереси, |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот, |
| VI-Б.4 | неселективно почитување начовековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општестото во целина, |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата, |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување за еднички јавен интерес, |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината, |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитувањето на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество. |

**VIII. Уметничко изразување и култура**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-A.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности; |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитет на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: **Моето секојдневие во средината во која учам, живеам и се дружам**
Вкупно часови: 28

**Резултати од учење:**
Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. води разговор во различни ситуации кои вклучуваат информации за себе како тинејџер, училиштето и пријателите во него, обрските во училиштето, семејните релации и релациите во соседството, вклучувањето волонтерски активности.
2. поставува прашања и одговара на прашања со лексички единици карактеристични за темите на кои се разговара.
3. составува реченици, прости и сложени, користејќи ги во соодветна граматичка форма познатите зборови.
4. чита и разбира дијалози, кратки текстови и пасуси во кои се зборува за секојдневни комуникации.
5. пишува краток текст во кој ги употребува соодветно граматичките структури: именки, придавки и заменки во соодветен род и број и глаголи во соодветно време: сегашно време и минато определено време.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| **А) Комуникациски модели**<br>• **Моите тинејџерски години**<br><br>*Јас и моите родители*<br>*Сакам да се облекувам во...*<br>*Сакам да носам (облекувам)...*<br>*Се грижам за мојот изглед.*<br>*Употребувам разна козметика за лице и тело.*<br>*Мојата омилена музичка група / пејач е ...*<br>*Ме дефокусираат работи што ...*<br>*Се срамам кога ...*<br>*Се чувствувам сакан-а / отфрлрен-а затоа што ...*<br>*Се дружам со...*<br>*Училишна журка ...* | • Правилно изговара и пишува нови зборови и ги употребува во соодветни јазични контексти.<br>• Формира свест за себе и луѓето околу себе, користејќи фрази и изрази во реченици.<br>• Прави разлика за работите што ги сака, своите афинитети, способности и вештини.<br>• Употребува соодветни изрази за да ги опише своите чувства.<br>• Разговара за настани кои ги посетил/ла. |
| • **Училиштето – место за создавање нови пријателства** | • Употребува искази во кои ги опишува карактерните особинина своите другари/ки и зборува за пријателството. |

| | |
|---|---|
| *Училиштето – место каде што се создаваат пријателства за целиот живот.*<br>*Запознавам пријатели од различни етнички заедници.*<br>*Училишните проекти и тимските активности – можност за нови дружби и познатства.*<br>*Училиштето ни отвора нови врати и хоризонти.*<br>*Училиштето не е место само за стекнување знаења, училиштето е место за стекнување и нови пријателства.*<br>*Многу ми значи поддршката од моите пријатели од училиштето.*<br><br>• **Обврски и предизвици во училиште и надвор од него**<br><br>Моите секојдневни обврски и предизвици во училиштето: *работам на разни задачи, учествувам во изготвување проекти, учествувам во спортски активности и натпревари, учествувам во културни настани, стекнувам нови пријателства, им помагам на соучениците итн.*<br><br>Моите секојдневни обврски и предизвици надвор од училиштето: *се посветувам на моето хоби, спортувам, учам македонски јазик, учам странски јазици, се дружам со пријателите и со членовите од потесното и од поширокото семејство, следам спортски натпревари, посетувам културни настани итн.*<br><br>**Семејството, соседите и другарите**<br>**(односите меѓу членовите на семејството, соседите и пријателите)** | • Објаснува за различностите (верска, родова, етничка припадност), темелејќи го својот став преку дружба со различните од себе.<br>• Наведува примери во кои е прикажано училиштето како место каде што се развива позитивна клима на почит и разбирање.<br>• Води дијалог (разговор) за важноста на пријателството и емпатијата, користејќи соодветна лексика.<br><br>• Употребува искази во кои ги наведува училишните работни активности.<br>• Ги наведува и ги објаснува предизвиците за вклученост во проектни активности, натпревари и настани од културата.<br>• Ги објаснува своите ставови за секојдневните предизвици надвор од училиште.<br>• Прашува и дава одговори на прашања поврзани со односите со пријателите и со членовите од потесното и од поширокото семејство.<br>• Се вклучува во разговори во кои го изразува ставот за своите хобија, вештини и способности.<br>• Резимира настани од спортскиот и од културниот живот.<br><br>• Правилно користи јазични модели, точни изрази и реченици за да ги претстави своите соседи. |

| | |
|---|---|
| *Често се гледам со другарите. Мама често пие кафе кај сосетката. Моето семејство многу ми значи. Често одам кај баба ми, затоа што таа живее сама. Долго разговараме за спомените од нејзиното детство. Стефан е заљубен во Милица. Љубовта е најсилно чувство. – Кога ја запозна Налан? – Ние се запознавме минатата година.*<br>*Мојот чичко е многу духовит. Често се шегува.*<br>*Претседател на Куќниот совет е соседот Рамиз.*<br>*Сите се грижиме за зградата во која живееме.*<br>*На последниот состанок возрасните станари се договорија да го уредат паркот пред зградата.*<br><br>• Мојот придонес во заедницата во која живеам<br>*Активно учествувам со идеи и предлози за подобрување на животот во заедницата.*<br>*Учествувам во активности за развој во заедницата во која живеам.*<br>*Придонесувам во културните и во спортските манифестации што се случуваат во мојата заедница.*<br>*Учествувам во еколошки акции организирани во мојата заедница.*<br>*Промовирам позитивни вредности од кои има корист заедницата во која живеам.* | • Употребува изрази за да искаже заемна почит и доверба за луѓето од соседството што се различни од него (културно, верски, етнички и родово).<br>• Ги набројува заедничките активности за поубав живот во соседството.<br>• Наведува сопствени примери за активно учество во решавање на проблемите од соседството.<br>• Прашува и одговара на прашања во врска со грижата за оклината во која живее.<br>• Учествува во дијалози во кои зборува за обврските во соседството во кое живее.<br><br>• Наведува идеи и предлози за подобрување на животот во заедницата.<br>• Предлага активности за развој на заедницата во која живее.<br>• Употребува соодветни изрази за да ги каже своите ставови поврзани со сите организирани акции во заедницата во која живее.<br>• Ги презентира позитивните вредности од кои има корист заедницата во која живее. |
| **Б) Лексички единици**<br>• Именки: фаза/и, младост, возраст, детство, период, темел, момче, девојче, личност, простор, вредност, слобода, способност, склоност, забава, проект, настан, хоризонт, заедница, акција, продукти, милениче... | • Репродуцира и користи новонаучени именки и наведува примери.<br>• Именува работи што му се омилени, кои ги сака и ги употребува.<br>• Ги именува и ги набројува работите што предизвикуваат различни чувства кај адолесцентите.<br>• Ги именува и ги набројува училишните работни активности. |

| | |
|---|---|
| • Придавки:самостоен/јна, решителен/на, вознемирен/а, збунет/а, нетрпелив/а, замислен/а, возбуден/а...<br>• Глаголи: (се) развива, (се) формира,умее, тежнее, (се) концентрира, станува, другарува, сака, дава, прима, зближува, препознава, открива, посетува, помага, се грижи...<br>• Прилози:натаму, наваму, некаде, никаде, секаде, тогаш, некогаш, никогаш, силно, слабо, пријателски, тажно, сосем, весело, среќно...<br>• Сврзници:ама, ами,само, ниту, само што, но...<br>• Предлози:за, зад, од, околу, поради, заради, преку....<br>• Модални зборови: се разбира, значи, сигурно, можеби, за жал, за среќа... | • Ги наведува поважните активности за подобрување на животот во заедницата, употребувајќи соодветни именки и придавки.<br>• Составува сложена реченица со употреба на глаголи во минато неопределено свршено и несвршено време.<br>• Составува сложена реченица употребувајќи соодветни прилози, предлози, сврзници и модални зборови. |
| **В) Граматика**<br>• Фонетика и правоговор<br>Гласовни промени: едначење по звучност.<br>Акцентот во македонскиот стандарден јазик (отстапувања од акцентот, акцентот на туѓите зборови во македонскиот стандарден јазик)<br>• Морфологија и морфосинтакса<br>Именки<br>Функцијата на именките во реченицата<br>Придавки<br>Степенување на придавките<br>Глаголи<br>Нелични глаголски форми: глаголска л - форма, глаголска именка<br>Минато неопределено свршено и несвршено време<br><br>• Синтакса<br>Сложена реченица | • Ја препознава и ја објаснува гласовната промена едначење по звучност.<br>• Правилно ги користи зборовите во кои е употребена гласовната промена едначење по звучност.<br>• Го препознава и го разликува акцентот на туѓите зборови во македонскиот јазик.<br>• Посочува и дава примери за реченици со туѓи зборови, кои ги акцентира.<br>• Правилно ги изговара и ги акцентира зборовите од туѓо потекло во македонскиот стандарден јазик.<br>• Посочува примери од секојдневната комуникација за именки што стапуваат во различни односи со другите зборови во реченицата.<br>• Разликува компаратив и суперлатив кај придавките.<br>• Разликува и составува примери со придавки употребени во степенувана форма.<br>• Ги препознава неличните глаголски форми во исказ.<br>• Споредува нелични глаголски форми и составува примери со нив (глаголска л-форма и глаголска именка).<br>• Препознава глаголи со минато неопределено свршено и несвршено време во исказ, реченица, (краток) текст. |

| | |
|---|---|
| Независниосложени реченици<br>Сврзувачки средства во независнсложените реченици | • Употребува форми за минато неопределено време во соодветен контекст.<br>• Разликува и споредува видови реченици.<br>• Препознава и конструира примери на сложена реченица.<br>• Споредува искази изразени со проста и со сложена реченица.<br>• Правилно ги употребува независносложените реченици. |
| **г) Читање и пишување**<br>• Слушање и читање со разбирање текстови со соодветна лексика, дијалози и реченици со сложена граматичка структура **– поврзани со темата**<br>• Слушање и читање со разбирање текстови со соодветна лексика, дијалози и реченици со сложена граматичка структура<br>• Слушање и читање со разбирање нови зборови, дијалози и текстови.<br>• Слушање и читање, одговарање на прашања поврзани со дијалозите и со текстовите.<br>• Изведување заклучоци од текстовите и јасно (за)пишување.<br>• Пишување текст со употреба на зборови и фрази што се граматички и семантички точни<br>• Пишување (самостојно или по диктат со примена на правописни правила) | • Чита со правилен изговор на гласовите, правилно зборовно акцентирање и правилна интонација.<br>• Издвојува непознати зборови во текст.<br>• Прашува за текстот и одговара на поставени прашања за текстот.<br>• Чита и коментира за прочитаното, самостојно и според насочувачки прашања.<br>• Чита со правилен изговор нагласовите, правилно зборовно акцентирање и правилна реченична интонција.<br>• Пишува текст според поставени насоки или прашања.<br>• Продолжува започнат текст.<br>• Раскажува употребувајќи ги глаголските форми за минато неопределено време.<br>• Опишува користејќи разни форми на писмено изразување |
| **Д) Теми за дискусија**<br>• Волонтирам и се грижам<br>*Волонтирам во Црвениот крст и учествувам во хуманитарни акции.*<br>*Посетувам постари лица и им помагам: пазарувам, читам весници, носам домашна храна.*<br>*Одам да купам лекови и други неопходни продукти за постари и болни лица.* | • Го коментира прашањето за волонтерството како хумана активност.<br>• Образложува како им помага на старите лица, на учениците од социјално загрозените семејства и на напуштените миленичиња.<br>• Поттикнува или се вклучува во разговор поврзан со секоја од тематско-комуникациските целини.<br>• Интерпретира содржина на слушнат или на прочитан текст.<br>• Прашува за текстот и одговара на поставените прашања за текстот.<br>• Споредува искази структурирани во проста и/или во сложена реченица. |

| | |
|---|---|
| *Се трудам да им помогнам на учениците од социјално загрозените семејства.*<br>*Се грижам напуштените миленичина да бидат згрижени.* | |

**Примери на активности:**

- Учениците работат во парови, секој пар добива задача да се стави во ликот на своите родители и да замисли слика од семејното секојдневие. Наставникот ја насочува нивната фантазија, помагајќи им да евоцираат слики од домот и конфликтите со нивните родители, кога кажуваат како да се облекуваат или пак како се однесуваат. Учениците ги запишуваат замислените слики, а на крајот секој пар го презентира својот дијалог.
- Учениците носат слики и илустрации од нивните идоли, познати музички групи или пејачи и кажуваат што знаат за нив. Што е тоа што ги привлекува да ги изберет како посебни, како се однесуваат, како се облекуваат, што е она што тие би сакале да го прават како нив? Ги запишуваат работите, а потоа креираат порака која ја споделуваат со сите, објаснувајќи ја.
- Учениците работат во пар и симулираат комуникација на училишна журка и дружба со своите пријатели, користејќи соодветен вокабулар.
- Учениците се поделени во групи, добиваат илустрации, слики, фотографии (на секоја слика е прикажана различа ситуација од секојдневниот живот на едно момче или девојче кое созрева и покажува различни емоции). Со илустративниот материјал добиваат и работен лист со барања за секоја слика да напишат што е и истата да ја опишат. Секоја група го презентира сработеното.
- Учениците читаат текст на тема поврзана со врсничкото насилство, а потоа одговараат на прашања за прочитаното. (Тој направи добро/лошо дело.....Учениците беа неправедни кон....Јас би постапил....)
- Учениците преку фотографии го препознаваат својот пријател/ка од училиште и го опишуваат, ги кажуваат карактерните особини, она што ги прави посебни и различни од другите.
- Учениците се поделени во четири групи и секоја група добива задача да направи плакат на кој ќе бидат претставени семејствата на Марко, Емине, Немања и Хатиџе. Секоја група треба да им припише верска и етничка припадност и да го опише нивното секојдневие. Потоа секоја група го презентира сработеното, ги слуша другите и воедно ги согледува различностите, но и заедничките нешта што се карактеристични за сите деца без разлика на својата припадност: родова, верска, етничка, сите деца имаат исти потреби, игри и забава.
- Учениците добиваат листа со придавки од кои ги избираат они за кои мислат дека им одговараат на нивниот карактер, составуваат сложени реченици и ги споделуваат со ученикот до себе.
- Учениците гледаат изложба на цртежи подготвена на презентација. За секој пример од цртеж кажуваат придавка и ако е описна ја степенуваат. Примерите се запишуваат во тетратка и притоа се внимава на правописното правило за пишување на префиксот и придавката заедно.
- Учениците работат во парови. Симулираат ситуации во кои треба да се покаже емпатија. Заедно, ја опишуваат ситуацијата на лист хартија. Листовите се изложуваат на масите или на ѕид. Кога сите ќе завршат, учениците се движат низ училницата и ги читаат

различните ситуации. Потоа учениците седнуваат во круг, а наставникот зборува со нив за ситуациите каде што требало да се покаже емпатија. Ги замолува учениците да размислат како можат да се формулираат пораки за покажување емпатија и го презентираат напишаното.

- Учениците разговараа во двојки според дадените насоки: *работам на разни задачи, учествувам во изготвување проекти, учествувам во спортски активности и натпревари, учествувам во културни настани, стекнувам нови пријателства, им помагам на соучениците*
- Учениците читаат текст од забавен карактер, потоа според содржината на текстот и според описот на ликовите, секоја фотографија ја поврзуваат со ликот на кој му одговара. Потоа учениците ги изложуваат своите одговори и прават споредба.
- Учениците пишуваат текст според однапред зададени насоки: *се посветувам на моето хоби, спортувам*, *следам спортски натпревари и се дружам со пријателите.* Потоа ги читаат своите состави и заедно разговараат за сопствените афинитети, посветеноста во остварувањето на зацртаните цели и влијанието на пријателите во секојдневието.
- Учениците добиваат наставно ливче, реченици во кои недостасуваат глаголи, а тие треба да ги дополнат речениците со глаголски форми за минато неопределено свршено и несвршено време. Секој ученик ги чита дополнетите реченици.
- Учениците водат дијалози: составуваат краток дијалог по дадени слики со едноставни реченици за да опишат настан што се случил во соседството. Им се даваат насоки да обрнат внимание на нивните обврски и активно учество во решавање на проблемите од соседството, како и прашања во врска со нивното учество во грижата за околината каде живеат. Пример*: Соседството беше полно со пластични ќеси. Поради тоа сосетката Вера ги искара децата. Претседателот на Куќниот совет закажа состанок. Ние децата рековме дека ќе организираме акција за собирање на пластиката во околината.*
- Учениците следат презентација со реченици во кои се употребени зборови во кои ја има гласовната промена едначење на гласовите по звучност. Учениците добиваат задача да ги пронајдат таквите зборови, а потоа и да ги изговорат за да ја согледаат гласовната промена. Учениците на работен лист добиваат низа од зборови : гратче, свадба, натпревар, слатка, блиска, ниска и истите треба да ги вметнат во дадените реченици каде се изоставени тие зборови. Потоа истите реченици се читаат.
- Учениците слушаат текст во кој се употребени зборови од туѓо потекло со правилен зборовен акцент и соодветна реченична интонација. Секој ученик запишува по една слушната реченица и истата ја чита наглас пред целата паралелка внимавајќи на интонацијата и на акцентирањето на зборовите.
- Учениците работат во мали групи, по четворица. Секоја група добива ист текст. Задачата е да ги пронајдат глаголите и да определат кои од нив им припаѓаат на глаголските форми минато неопределено свршено и несвршено време.
- Учениците се поделени во парови. Секој пар прави своја табела со именки, заменки, придавки и глаголи. Потоа напишаните зборови ги користат за составување сложени реченици. Во речениците подвлекуваат кој го врши дејството и кој збор го претставува самото глаголско дејство, а потоа ги одредуваат дел-речениците во рамките на сложената реченица. Неколку реченици се запишуваат на таблата, објаснувајќи го независниот однос на речениците во сложената реченица.
- Учениците добиваат работен лист во кој има две колони: едната означена како колона во која се посочени зборови: дом, солза, село, зборови, реченици, виножито, очевидец, а другата како колона во која ќе бидат запишани зборови од туѓо потекло: кино, конфликт, респект, триумф, професор, монитор, прецизен, конфиктен (приспособен акцент) и зборовите: ателје, ниво, сако, анкета, лектира,

портрет (неприспособен акцент) и истите ги акцентираат според правилата на акцентирање на зборовите од туѓо потекло. По завршување на задачата учениците прво ги читаат зборовите во првата колона, а потоа ги читаат зборовите од втората колона и ги запишуваат на таблата. Со помош на прашања учениците констатираат дека има разлика во акцентирањето на зборовите од туѓо потекло, зборови кои се подведуваат под правилото за акцентирање, но и дека има зборови кои секогаш се со акцент на првиот слог од крајот на зборот, на вториот слог од крајот на зборот, а има и зборови од туѓо потекло со два начина на акцентирање. По завршената активност неколку ученици запишуваат на таблата по еден пример и ги изговараат.

- Учениците добиваат текст. Ги обележуваат непознатите зборови и потоа разговараат за нивното значење. Потоа во пар пишуваат прашања и одговори за текстот. На крајот според прашањата пишуваат резиме од неколку реченици за текстот. Сработеното се споделува пред сите во паралелката.
- Учениците читаат два слични текста и постапуваат според барањата. Пишуваат пет клучни зборовни изрази и од двата текста. Потоа на табелата се дадени по десет реченици од двата текста, а тие треба да одредат со Т или Н кои од речениците се точни или неточни.
- Дискусија / разговор: На каков начин сте помогнале на повозрасните членови од соседството? (Се насочуваат да употребуваат глаголска л-форма). *Пример: Сум носел торби на баба Севдија. Двапати неделно сум купувала леб за Вехби.*
- Учениците се делат во групи и секоја група добива различна задача: 1 група – Со што може секој од вас поединечно да придонесе за помош на старите лица? 2 група – Што може секој од вас да направи во врска со поголема вклученост во хуманитарни акции? 3 група – Што може секој од вас да направи за поголема вклученост на учениците да станат волонтери? Секоја група треба да размисли и на голем лист хартија да напише или да нацрта по неколку работи што би можел секој нејзин член да ги направи. Потоа по еден ученик од секоја група ја презентира задачата.
- Учениците учествуваат во дискусија во која ги наведуваат настаните кога им помогнале на учениците од социјално загрозените семејства, употребувајќи прости и сложени реченици.
- Учениците работат индивидуално. Пишуваат сложени реченици на тема: (*Се грижам напуштените миленичина да бидат згрижени)* и потоа читаат пред паралелката.? (Се насочуваат да употребуваат глаголски именки и придавки: Шетањето кучиња е интересно).

Тема: **Во непосредната околина**
Вкупно часови: 30

**Резултати од учење:**
Ученикот/ученичката ќе биде способен/на да:

1. води разговор во различни ситуации кои вклучуваат здрав начин на живеење, заштита на природата, култура, уметност, медиуми.
2. поставува прашања и одговара на прашања со лексички единици карактеристични за темите на кои се разговара.
3. составува реченици користејќи ги во соодветен контекст и соодветна граматичка форма познатите зборови.
4. чита и разбира дијалози, кратки текстови и пасуси во кои се зборува за секојдневни комуникации.
5. пишува краток текст во кој ги употребува соодветно граматичките структури: именки, придавки, заменки прилози и соодветни предлози, глаголи во соодветно време, лице и број: минато определено време, минато – идно време и глаголски конструкции со *има* и со *сум*.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| **А) Комуникациски модели**<br><br>**Здравје – здрав начин на живеење**<br>(природа, воздух, свеж, дишење, користење, јадење)<br>*Сакам да шетам во природа и да дишам свеж воздух.*<br>*Треба да користиме во исхраната многу овошје и зеленчук.*<br>*Брзата храна не е здрава.*<br>*Житариците и млечните производи се здрава храна.*<br>*Не сакам да јадам бурек затоа што е многу мрсен.*<br>*Ние често јадеме ориз.* | • Правилно изговара и пишува нови зборови и ги употребува во соодветни јазични контексти.<br>• Формира свест за самиот себе и луѓето околу себе, користејќи фрази и изрази во реченици.<br>• Прави разлика за работите што ги сака, своите афинитети, способности и вештини.<br>• Употребува соодветни изрази за да ги опише своите чувства за здравиот начин на живеење.<br>• Во разговор со врсниците разликува што е добро, а што не добро; што е во ред, а што не е во ред. |
| **Спортување – познати личности и нивниот придонес на светско ниво**<br>(тимски и индивидуални спортови, познати спортисти, тимски спорт, фудбал, кошарка, ракомет, гимнастика, атлетика, тенис, трчење, шутира, кош, гол, пенал, поен, рекет)<br>*Фудбалот и кошарката се тимски спортови, а тенисот е индивидуален спорт.*<br>*Мојот другар тренира атлетика, а мојата другарка се занимава со гимнастика.*<br>*Момчињата и девојчињата ја шутираа топката во голот.*<br>*Таа сака да станува доцна.- Марко станува рано и сака да спортува.*<br>*Брат ми не прави ништо по дома . Не сака ни да спортува.*<br>*Победивме 3:0 во фудбал.*<br>*Другар ми Мерт трча брзо како Усеин Болт.* | • Употребува искази во кои ги опишува карактерните особини на своите другари/ки и зборува за спортот и спортските активности.<br>• Објаснува за различностите (верска, родова, етничка припадност), темелејќи го својот став преку дружба со различните од себе.<br>• Наведува примери во кои е прикажано спортувањето како поле каде што се развива позитивна клима на почит и разбирање.<br>• Води дијалог (разговор) за важноста на спортувањето и ферплејот, користејќи соодветна лексика. |

| | |
|---|---|
| **Природа**<br>**Екологија, заштита на природата, глобално затоплување**<br><br>(екологија, просечна температура, се зголемува, се намалува, се валка, се загадува, се смалува, рециклира)<br>Опишување на временските прилики<br>(магла, град, виножито, невреме, грмење, сека, мраз...)<br>Раститетелен свет<br>Животински свет<br>Воздух, Земја , Сонце<br><br>*Дрвјата и цвеќињата се дел од растителниот свет.*<br>*Животинскит свет на нашата планета е разновиден. Утро имаше магла и улиците беа влажни.*<br>*Вчера имаше силно невреме – грмеше и секаше.*<br>*Во саботата заврна град.*<br>*Виножито може да видиме по дожд.*<br>*Сите луѓе треба да се грижата за планетата Земја.*<br>*Најголем проблем е глобалното загревање.*<br>*Просечната температура се зголемува секоја година.*<br>*Што треба да правиме за да намали температурата?*<br>*Тоа е најважното прашање.*<br>*Не смееме да ја загадуваме природата и мораме повеќе да рециклираме. Загадени се воздухот , земјата, реките, езерата и океаните.*<br>*Здравјето на човекот е најголемо богатство.* | • Употребува искази во кои ги наведува училишните слободни активности за заштита на природата.<br>• Ги наведува и ги објаснува предизвиците за вклученост во проектни активности, натпревари и еко настани.<br>• Ги претставува своите ставови за заштитата на природата.<br>• Прашува и дава одговори на прашања поврзани со односите со природата, екологијата и глобалното затоплување. |

| | |
|---|---|
| *Можеш да купиш сè , само здравје не .*<br>*Причини за загадувањето.*<br>*Сечењето на шумите е светски проблем.*<br><br>**Култура, уметност, медиуми**<br>**(**култура, уметност, музеј, инструменти , концерт, видео- спот, телевизија, интернет, филм, информации, реклами, покани...)<br>*Гитарата е музички инструмент.*<br>*И гајдата е музички инструмет, исто така.*<br>*На концертот свиреше Влатко Стефановски.*<br>*Гледав емисија за Омер Фарук Текбилек .*<br>*На концертот гостуваше Стефан Миленковиќ.*<br>*Моите другари направија спот за нашето училиште.*<br>*Таа свиреше заедно со познатиот пијанист Симон Трпчевски.*<br>*На училиште гледавме емисија за Никола Тесла.*<br>*Познат македонски филм е „Исправи се Делфина“ , направен за македонката Атина Бојаџи што го преплива Ла  Манш.*<br>*Тоше Проески е познат пејач од Крушево.*<br>Тој беше познат низ целиот Балкан.<br>Негова најпознатата песна е „Полско цвеќе“.<br><br>Изработка на реклами за телевизија , интернет страници , банери и слично и нивниот начин на пренесување на информации.<br>- *Ќе правиме леток за новиот „Клуб за читање“.*<br>- *На интернет видов реклама за патики.*<br>- *На „Тик-Ток“ имаше лажна вест дека гори Ајфеловата кула во Париз.* | • Се вклучува во разговори во кои го изразуваставот за своите хобија, вештини и способности.<br>• Резимира настани од спортскиот и од културниот живот.<br>• Правилно користи јазични модели, точни изрази и реченици за да ги претстави своите соседи.<br>• Употребува изрази за да искаже заемна почит и доверба за луѓето од културата што се различни од него (културно, верски, етнички и родово).<br>• Ги набројува заедничките активности за поубав живот во културен контекст.<br>• Наведува сопствени примери за активно учество во светот на културата.<br>• Прашува и одговара на прашања во врска со уметничките настани во средината во која живее.<br>• Учествува во дијалози во кои зборува за културно-уметничките настани во непосредната околина.<br><br>• Наведува идеи и предлози за подобрување на животот во заедницата.<br>• Предлага активности за развој на заедницата во која живее.<br>• Употребува соодветни изрази за да ги каже своите ставови поврзани со сите организирани културни настани во заедницата во која живее.<br>• Ги презентира позитивните вредности од кои има корист заедницата во која живее.<br><br>• Го коментира прашањето за културно-уметничките настани како хумана активност.<br>• Поттикнува или се вклучува во разговор поврзан со секоја од комуникациските модели.<br>• Интерпретира содржина на слушнат или на прочитан текст.<br>• Прашува за текстот и одговара на поставените прашања за текстот.<br>• Споредува искази структурирани во проста и/или во сложена реченица. |

| | |
|---|---|
| - *Не сакам реклами кога гледам серија на телевизија.*<br><br>Културно-уметнички настани за избор на најдобри концерти, видео-спот, филм,музика и др.<br>- *Бев на концертот од Таркан.*<br>- *Многу се скапи картите за концертот од Тејлор Свифт.*<br>- *Благоја Спиркоски – Џумерко доби награда за животно дело. Негова најпозната улога беше улогата на Итар Пејо.*<br>- *„Бубамара " – музичка манифестација е манифестација што се одржува во Скопје.*<br>- *Влатко Стефаноски доби награда за најдобар гитарист.*<br>- *„Манаки" – филмски фестивал ; се одржува во Битола*<br>- *„Прашина" е македонски филм од Милчо Манчески.*<br>- *Најдобра женска улога доби Атиџе од филмот „Земјата на медот".*<br>-<br>- *„Војдан Чернодрински" – театарски игри(фестивал) ; се одржува во Прилеп*<br>- *„Grammy" – награди ; Манифестација што се одржува во Лос Анџелес, Калифорнија .*<br>- *Награда за најдобра песна доби Мајли Сајрус за песната Flowers.*<br>- *Таму секогаш модата е во преден план.*<br>- *Изведувачите носат одела ии фустани од познати брендови за облека како „Шанел" и слично.*<br>- *Мојот наставник по ликовно црта многу убаво. Видов негова слика на изложбата.* | • Именува работи што му се омилени, кои ги сака и ги употребува.<br>• Ги именува и ги набројува работите што предизвикуваат различни чувства кај адолесцентите.<br>• Ги именува и ги набројува училишните работни активности.<br>Ги наведува поважните активности за подобрување на животот во заедницата, употребувајќи соодветни именки и придавки<br>• Составува сложена реченица со употреба на глаголи во минато неопределено свршено и несвршено време.<br>• Составува сложена реченица употребувајќи соодветни прилози, предлози, сврзници и модални зборови. |

| | |
|---|---|
| - *На часот по македонски јазик ќе правиме честитки за Нова година за сите наставници.*<br><br>**Купување во трговски центри** (купување, избор, попуст, цена, избира/разгледува, одбира...)<br><br>Оди/ бара/ купува/гледа/разгледува/бира /избира/одбира /пробува/ ми се допаѓа/ не ми се допаѓа/<br>Облека: чорапи, маица, блуза/и; пижами, фармерки, пантолони (кратки-долги), сако, кошула(со три-четврти ракави, со кратки ракави, со долги ракави ), јакна (пролетна- есенска; летна, зимска)<br>Обувки: влечки, патики (спортски), чевли (секојдневни чевли, елегантни чевли), сандалки , чизми (зимски чизми/гумени чизми).<br><br>*Модни додатоци: марами , каиш-колан- ремен, паричник*<br>*Книги : научни книги , книги за на училиште*<br>*Козметика: шампон, кондиционер, шминки, сапун, и слично.*<br>*Електроника : Компјутерски конзоли, игри , компјутери, таблети,телефони, слушалки (жичани и безжични), батерии, ресивери, паметни часовници и слично.*<br>*Се шетам низ трговски центар. Ќе се качам на вториот спрат. Таму се наоѓа продавницата што ја барам. Барам нова игра за Плеј Стејшн 5.*<br>*Ми треба нов телефон.*<br>*Сакам да купам нови слушалки.*<br>*Утре сум на роденден треба да изберам подарок.*<br>*Видов многу убав паричник.* | |

| | |
|---|---|
| *Дали имате вежбанка по македонски јазик?*<br>*Разгледувам нови паметни часовници.*<br>*Кои панталони да ги пробам? – Овие ... или овие?*<br>*Ќе ги пробам овие панталони.*<br>*Ќе купам нова книга за подарок.*<br>**Јавни и услужни објекти** - културно-историски споменици, Културно наследство на Македонија , театар и кино, галерија<br>(билет, посети, гледа/ разгледува, учи /научи, истражуваш , претстава, глума, глумење , глумци, сцена, филм , нови филмови , стари филмови , црнобели филмови , актери , балет , гледање, игра , приказна преку движење ).<br>- *Го посетив театарот „Комедија“ . Глумците од театарот „Комедија“ ми се многу интересни.*<br>- *Игор Џамбазов глумеше во театарската претстава „Брачна игра“. Многу ми се допадна.*<br>- *Познат македонски глумец е Петре Прличко.*<br>- *Вчера бев во Крушево. Таму го видов културно-историскиот споменик „Илинден“/ Македониум.*<br>- *Таму се наоѓа гробот Никола Карев.*<br>- *Спомен- куќата на Тоше е вистинско ремек дело.*<br>- *Даут-пашин амам е галерија.*<br>- *Во галериите има изложби од различни уметници.*<br>- *Музејот на Македонија е многу голем.*<br>- *КИЦ е културно уметнички центар. Таму се одржуваат различни настани. Најчесто се одржуваати многу добри концерти.* | |

| | |
|---|---|
| - *Античкиот театар е во Охрид. Таму бев на манифефестација Охридско културно лето.*<br>- *Ќе одиме во спомен куќата од Блаже Конески во селото Небрегово.*<br>- *Колку е билетот за посета на спомен куќата од Блаже Конески?* | |
| Б) Лексички единици<br>Именки: *атлетика, тенис, ракомет, кошарка, поен, прошетка, култура, кино, театар, уметност, концерт, емисија, музеј, галерија, споменик, инструмент, гитара, гајда, тапан, телевизија, интернет, филм, информации, реклами, покани, , актери , балет , гледање, игра , приказна преку движење, глумци, награда, природа, екологија, магла, град, виножито, невреме, грмење, дожд, мраз, клима, промени, црква, џамија, синагога, љубов, вера ...*<br><br>Придавки: *моја, убава, голема, мала, добра, сакана, почитувана, забавен, научен, современ, модерен, корисен, некорисен, традиционален, (не)познат, модрен, сам, осамен, сув, воден, точен, заљубен, свеж, погрешен, мрсен, бистар, матен, индивидуален, колективен (спорт), лојален, верен, домашен, странски.*<br><br>Броеви: до 1000<br><br>Глаголи: *бира/избира, одбира, гледа, кажува, значи, пее, удира, шутира, грми, сека дише, користи, мисли, се наоѓа, разговара, игра, глуми, шета, свири, ужива, се запознава, се шегува, разгледува, се распрашува, патува...* | • Репродуцира и користи новонаучени именки и придавки и наведува примери.<br>• Употребува именки во соодветен род и број.<br>• Соодветно користи именки и придавки при барање, прашување или одговарање почитувајќи ги категориите род, број и определеност.<br>• Користи броеви до 1000 во непосредната комуникација.<br>• Разликува значење на глаголите и ги употребува во свои примери.<br>• Користи фрази и новонаучени зборови во секојдневната комуникација. |

| | |
|---|---|
| Прилози: *сега, тогаш, секогаш, никогаш, овде, онде, таму , ваму, малку многу , храбро, силно, двојно, доволно тројно*<br>Извици: *Еј!, Ееејј!, Ах!, А! Ааа, Е!, Еее!, Ех!, Леле!, Ха! Ту!, Оф!, Ау!*<br>Сврзници*: и, па, ни, ниту, а, но, ама, меѓутоа, туку, или-или,освен што, значи, веројатно, сигурно, кога, откога, откако, штом, бидејќи, зашто, затоа што,доколку, дека*<br>Прашални зборови и изрази: *дали; што, кој; каде, кога, колку, зошто, како, каков, на кој начин, колку е далеку, колку пати, како си поминавте, како ви се допадна...* | |
| **В) Граматика**<br>• Фонетика и правоговор<br>Правилен изговор на согласките: ф, в, ѓ, ќ, ѕ, џ, љ, њ од македонскиот гласовен систем<br>Гласовни промени: едначење на согласките по звучност<br>• Морфологија<br>Придавки<br>Граматичка категорија степенување кај придавките<br>Глаголи<br>глаголски видски двојки: *купува – купи, плаќа – плати, уплаќа – уплати,*<br>*набавува – набави, се зачленува – се зачлени, закажува – закаже, поправа – поправи, се расипува – се расипе, најавува – најави, склучува – склучи, краде – украде, чисти – исчисти, се пазари – се испазари...*<br>минато определено свршено време: *купив, платив, нарачав, закажав, резервираше,набави, побара, најде, замнивме, сменивме, посетивме, посакаа, покажаа, пријавија, не најдов, не обезбеди, не се* | • Ја препознава и ја објаснува гласовната промена едначење по звучност.<br>• Правилно ги користи зборовите во кои е употребена гласовната промена едначење по звучност.<br>• Наведува примери за различни видови именки и нивната функција во реченицата.<br>• Посочува примери од секојдневната комуникација за именки што стапуваат во различни односи со другите зборови во реченицата (употребува колокации).<br>• Разликува компаратив и суперлатив кај придавките.<br>• Разликува и составува примери со придавки употребени во степенувана форма.<br>• Ги препознава неличните глаголски форми во исказ.<br>• Споредува нелични глаголски форми.<br>• Го толкува значењето на неличните глаголски форми во реченица.<br>• Разликува различни видови нелични глаголски форми.<br>• Конструира примери користејќи ги неличните глаголски форми.<br>• Препознава глаголи со минато определено свршено и несвршено време во исказ, реченица, (краток) текст.<br>• Ги препознава и ги разликува формите на искажаните свршени или несвршени дејства во минато определено време. |

| | |
|---|---|
| *прекина, не покажавме, се загуби, разгледа, се нагледа...*<br>минато определено несвршено: *купував, плаќав, нарачував, закажуваше, резервираше, набавувавме, баравме, наоѓавте, менувавте,*<br>*рекламираа, сакаа, покажуваа, не пријавував, не се чувствуваше, не обезбедуваше, не покажувавте, имаше, немаше, се наоѓаше…*<br>глаголска придавка: посакуван, -а, -о, -и; порачан, -а, -о, - и;<br>доставен, -а, -о, -и; издаден, -а, -о, -и; спакуван, -а, -о, -и;<br>платен, -а, -о, -и; задржан, -а, -о, -и; изброен, -а, -о, -и; заменет, -а, -о, -и; променет, -а, -о, -и;<br>глаголска сум - конструкција<br>глаголска именка: купување, пазарување, поправање, чистење, пеглање,<br>поврзување, наоѓање, порачување, изнајмување,<br>индиректен предмет<br>ми покажа (мене), ти резервирав (тебе), му порача (нему),<br>ѝ купуваа (нејзе), ни доставуваа (нам), ви платија (вам),<br>им препорачав (ним)<br>**минато-идно време**<br>● нереален услов<br>● глаголска *има*-конструкција<br>● извици<br>• **Синтакса**<br>Атрибут<br>Сложена реченица<br>Видови независносложени реченици (составни, спротивни, разделни) | • Разликува и споредува глалоски конструкции со *сум* и со *има*.<br>• Препознава и конструира примери на сложена реченица.<br>• Конструира и посочува примери за независносложена реченица.<br>• Споредува искази изразени со проста и со сложена реченица.<br>• Правилно ги употребува независносложените реченици. |

| | |
|---|---|
| **Г) Читање и пишување**<br>• Слушање и читање со разбирање текстови со соодветна лексика, дијалози и реченици со посложена граматичка структура.<br>• Слушање и читање со разбирање нови зборови, дијалози и текстови.<br>•Слушање и читање, одговарање на прашања поврзани со дијалозите и со текстовите.<br>• Изведување заклучоци од текстовите и јасно (за)пишување.<br>• Пишување текст со употреба на зборови и фрази што се граматички и семантички точни<br>• Пишување (самостојно/творечки диктат) | • Издвојува непознати зборови во текст.<br>• Прашува за текстот и одговара на поставени прашања за текстот.<br>• Чита и коментира за прочитаното, самостојно и според насочувачки прашања.<br>• Чита со правилен изговор на гласовите, правилно зборовно акцентирање и правилна реченична интонција.<br>• Пишува текст според поставени насоки или прашања.<br>• Раскажува употребувајќи ги глаголските форми за минато определено време.<br>• Опишува користејќи разни форми на писмено изразување.<br>• Чита со правилен изговор на гласовите, правилно зборовно акцентирање и правилна реченична интонција.<br>• Пишува текст според поставени насоки или прашања.<br>• Продолжува започнат текст.<br>• Раскажува употребувајќи ги глаголските форми за миното-идно време и со глаголски конструкции со *има* и со *сум*.<br>• Опишува користејќи разни форми на писмено изразување. |
| Екскурзија и посети на села/градови/објекти/локалитети<br>Нови научени факти за посетените места/локалитетите/природни реткости<br>• *До сега знаев/ не знаев дека...*<br>• *До сега знаев дека во Крушево е Македониумот.*<br>• *Не знаев дека се вика споменикот „Илинден“.*<br>• *Настани и доживувања за време на патувања во и надвор од нашата чудесна земја – Македонија*<br>• *Патувањето по Мариово беше интересно и возбудливо.*<br>• *Јас сакам да го посетам градот Кочани...* | • Ги наведува карактеристиките на дружењата и социјализацијата при реализацијата на екскурзиите.<br>• Ги наведува придобивките од контактите со соучениците и важноста на училишните екскурзии.<br>• Ги презентира разликите во културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на државата..<br>• Се вклучува во разговор и води дијалог за стекнување искуство за осамостојувањето и грижата за себе.<br>• Презентира случки од заеднички екскурзии - посети на места и доживувања. |

| | |
|---|---|
| • *Во Струга ја запознав Фатима, мојата сегашна добра пријателка. Оттогаш секое лето престојувам по десет дена во Струга.* | |

**Примери за активности**

- Учениците добиваат картички со природа, шума, реки, езера и добиваат задача да напишат реченици за она што го виделе. Напишаното се споделува и се разговара за зборовите кои се употребени и нивната граматичка правилност во контекстот.
- Учениците се делат во парови, им се дели наставен лист со даден текст ([Поглед: Состав: „Љубовта кон природата“ (mkpogled.blogspot.com)](mkpogled.blogspot.com)) , а потоа имаат задача да одговорат на прашањата Што дава природата? Што треба да правиме за да ја чуваме природата? Како ни возвраќа природата? Како живееме во современиот свет? Секој пар ги искажува своите одговори каде ќе напише нови зборови и ќе употреби соодветен јазичен контекст. Се развива дискусија и разговор со цел да се формира свест за самиот себе и луѓето околу себе.
- Учениците се делат во групи и добиваат наставен лист со драмски текст /дијалози: ***Што има за вечера?*** *Марко: Здраво Марија. Може ли Хасан да јаде со нас? Марија : Да, нема проблем. Марко: Што имаме за вечера?Лилјана: Правам полнети пиперки. Марко: Полнети пиперки? Мораш да правиш нешто друго. Хасан не е Македонец. Не сака македонски јадења. Марија: Марко, од каде знаеш ти? Како не може да јаде пиперки? Дали јаде салата? Правам и салата од домати, краставици и пиперки. Марко: Пиперките се лути или благи? Марија: Благи се. Имаме и леб, а за десерт—сладолед. Марко: Зошто не јадеме нешто нормално? Хамбургер или пица? А за пиење, има ли Кока-кола? Марија: За вечера, Марко, секогаш пиеш млеко. Марко: Е, добро. А може јас да вечерам кај него?* На наставниот лист има прашања: Што сака Марко за вечера? Што мислите, дали Хасан сака полнети пиперки? Што не сака Марко за вечера? Каде сака Марко да вечера? Што сака Марко да пие? Каква салата прави Марија?. Секоја група ги презентира одговорите и ги претставува своите навики за здравиот начин на живот.
- Учениците добиваат Наставен лист со дадени реченици Јас сакам да / Јас не сакам да; Со задача да одговорат дали се согласуваат согласно дадената изјава : Јас_________________________јадам мусака , бидејќи е добро за мене.Јас _________________________да пијам кока-кола, бидејќи е многу штетна.Јас_________________________да шетам во природа, бидејќи ме одмара.
- Наставен лист со дадени зборови каде треба да се заокружи здравата храна , а да се прецрта нездравата храна .........Која храна е здрава, а која не? ; Што е добро за човечкиот организам , а што не ? Што мислите вие? Овошје, зеленчук, месо, торта, путер, сол, јајца, пица, црн пипер, млеко, kока-кола, пиво, супа, пржени компири, житарици, печурки, вино, кисела вода, сладолед, хамбургер, скара, шеќер, чоколадо. За направените избори се развива дискусија.
- Учениците се делат во парови и добиваат задача да му направат интервју на својот соученик, да го опише и да каже кој му е омилен спорт .
- Учениците се делат во парови и добиваат картички со спортови . Потоа треба да се договорат кој спорт сака да го спортува другарот во парот и да каже некој познат спортист од избраниот спорт независно од вера, род и етничка припадност .
- Учениците добиваат наставен лист – пронајди ги спортовите во квадрат со скриени зборови (фудбал, кошарка, ракомет, гимнастика, атлетика, тенис, трчење, шутира, кош, гол, пенал, поен, рекет)

- Учениците следат кратки видеа од различни спортови и ситуации во спортот каде што имало фер и не фер ситуации. Учениците опишуваат и даваат свое мислење за гледаните ситуации.
- Работа во парови  во парови. Учениците добиваат наставен лист со прашања на темата :Колку ги познаваш твоите другари? а. Дали некој другар/брат/сестра тренира фудбал ? На кој стадион игра? Кои други спортови се популарни во твојот град? Дали одиш на натпревари?б. Дали можеш да ги играш следниве спортови? Тенис/Одбојка и  Каде? Каков спорт е тенис , а каков одбојка ? (тимски/ поединечен - индивидуален) в. Каде можеш да пливаш во затворено и на отворено? г. Каде е најблиското место каде што можеш да скијаш / планинариш? д. Каде може да се вежба фитнес? Која другарка вежба фитнес ?ѓ. Каде може да се трча рекреативно? И потоа се развива дискусија за тоа кој е најдобар спорт.
- Учениците добиваат задача да направат истражување  за какви спотрови има во РС Македонија и кои се познати играчи. Потоа добиваат прашање за дискусија /разговор Колку ја познавате македонската спортска сцена? / Знаев дека/Научив дека.
- Учениците се делат во парови и добиваат Наставен лист -  Играње улоги.

  Ученик 1, ти си посетител на едно место и те интересира спортот во местото. Постави му на ученик 2  неколку прашања за тоа.
  Ученик 2, обиди се да одговориш на прашањата на ученик 1. Секој пар излегува на табла и го чита напишаното.
- Наставен лист со краток текст : Напреварот беше страшен /Вежба за читање со разбирање и нови зборови. На наставниот лист учениците треба да ги прочитаат и да ги проверат значењето на следниве зборови и изрази: фудбалски терен, фудбалски тим, навивачи, стадион, тренер, несреќа, да добиеш натпревар, да изгубиш натпревар. Потоа во заедничка дискусија се потврдува точноста на разбраното.
- Учениците добиваат наставен лист со натпис со наслов: *Легендата за новиот стадион - Здраво. Моето име е Петар . Имам постар брат. Тој е фудбалер . Тренира во спорскиот клуб „Победа “. Бидејќи живееме во еден мал град наречен НИХАО , клубот имаше мал терен , нашиот мал стадион. Стадионот „Победа “ се наоѓаше блиску до болницата . А околу стадионот имаше неколку мали куќи . Раководството на „Победа “ сакаше да изгради нов стадион . Од левата страна на стадионот имаше мала , речиси незабележителна куќа . Во неа живееше еден стар човек. Сите се плашеа од него.*

  *Дојде денот кога требаше да почнат да го градат новиот стадион . Сите објекти околу ги рушија . Но , таа мала куќа остана како забец . Кога почина човекот сакаа да ја рушат куќата. Но, мајсторите внатре најдоа лист хартија напишан:„ Ако некој ја руши куќата и на ова место изгради нешто друго никогаш нема да  види аир од тоа“. Им кажаа на своите газди, ама никој не го сфати тоа сериозно.Ја срушија куќата и по неколку месеци го изградија стадионот. Фудбалскиот тим се радуваше на новиот стадион. Навивачите се радуваа на новиот стадион. Градот се радуваше на новиот стадион*

  *Дојде време за првиот наптревар. За прв пат „Пообеда “ изгуби на свој терен. Тоа се случуваше и со сите други натпревари . „Победа“ веќе не беше тоа што беше. Навивачите веќе ги немаше на трибините. А, таков тим никој не ни сакаше да купи.*

  -*Одговори на прашањата:*  Каде живее Петар? , Што има Петар? , СО кој спорт се занимава брат му на Петар?
  Како се вика фудбалскиот клуб? Како се вика фудбалскиот тим?
- Наставникот подготвува вежби за слушање на наставен лист: Четворица за викенд . Во наставниот лист за слушање за учениците, а за читање за наставникот има четири личности : *Личност 1 Здраво . Јас сум Ахмет. Јас имам 15 години.  Многу сакам да играм со топка . Но , никогаш не станувам рано . Многу сакам да спијам. Личност 2 : Моето име е Џеси . Јас живеам во Питман центар , Северe , во државата Тенеси. Тоа е родниот град на популарната пејачка Доли Партон. Јас многу често сакам да средувам низ дома и да се*

*дружам со пријатели. Личност 3 Моето име е Нејмар. Јас сум професионален фудбалер. Јас секое утро станувам рано и одам да трчам по 5 км. Потоа се враќам дома , се туширам и ги продолжувам моите тренинзи. Дома се враќам доцна.Личност 4 Здраво. Моето име е Среда . Верувам дека сите ја знаете мојата фамилија Адамсови . Ние не стануваме рано , не сакаме да спотруваме. Но, многу сакаме да јадеме и да седиме дома.* Учениците треба да одговорат на прашањата Тој/Таа сака да... ...станува доцна. ... станува рано. ... спортува. ... средува дома. ... не прави ништо. ... излезе од дома. ...остане дома. ... се дружи со пријатели. ... пројадува обилно и да ги одредат позитивните и негативните карактеристики на личностите и да дојдат до заклучокот дека спортувањето и самодисциплината се клуч на успехот на еден човек и дополнително добива задача да ги наведе активностите во кои е вклучен ученикот.

- Учениците слушаат изјави читани од наставникот или веќе снимени, и ги пополнуваат празните места во речениците од разговорите Слушни ги разговорите, па пополни ги празните места.

  *а. ________________ одиме во кино вечерва? Не, жалам. ______________ дојдам, но ________________ напишам домашна.*

  *б. ________________ одиме и да гледаме филм вечерва? Не, благодарам. Вечер има фудбал на телевизија и ________________ го гледам.*

  *в. ________________ одиме во кино вечерва? – Да, во ред. – ________________ одиме на сок прво. – Во ред. ________________ ја измијам косата. Но, можам да те чекам пред Дајмонд околу 18 и 30 часот.*

- Учениците се делат во парови и добиваат задача да смислат училишна слободна активности за заштита на природата . Потоа секој пар ја презентира својата активност и добива задача да се одбере најдобрата. Потоа целото одделение во одреден период да ја спроведе активноста и да направат презентација со наслов Пред и потоа.
- Учениците добиваат добиваат наставен лист со плико. Во пликото има скриена фотографија од временски услов (магла,град,невреме, виножито,грмење, секање, мраз). Треба да направат реченици со цел да ја опишат сликата и да напишат некоја случка што им се случила кога имало ваков тип на појава.
- Учениците следат презентација за различни земји за начинот за живот и климата во истите . Потоа добиваат задача да направат споредба со земјата во која што живеат Прочитај ги овие реченици. Кои од нив ја опишуваат твојата земја. а. Има топла клима. г. Безбедно е за живот. е. Храната е добра. б. Скапа е за живеење. д. Луѓето се љубезни. ж. Убава земја е. в. Градовите се чисти. ѓ. Патиштата се добри. з. Богата земја е. Дали и твоите соученици имаат исти одговори? Вежба 2. Избери друга земја и спореди ја со својата. Која земја мислиш дека: – е потопла? – е побезбедна? – е поскапа? – е побогата? – има пољубезни луѓе? – има подобри патишта? – е почиста? – има подобра храна? – е поубава? Има ли други разлики меѓу нив? Наброј неколку. Вежба 3. Која земја сметаш дека е подобра за живеење? Зошто? Напиши неколку реченици за тоа. степенување придавки Мислам дека ________________ е подобро место за живеење од ________________ зашто ..
- Учениците следат презентација од која треба да одберат по еден музички инструмент и еден спорт. Потоа треба да објаснат зошто го избрале и да го претстават своето хоби.
- Учениците добиваат задача да го презентираат своето хоби со изработена презентација на PowerPoint.
- Учениците добиваат задача за домашна да направат истражување за познати изведувачи од земјата и блиските соседи и да направат презентација за истиот. Потоа на наредниот час го презентираат материјалот .

- Учениците се делат во мали групи од по четворица и добиваат задача да направат истражување за концерт од хуманитарна цел и истиот да го презентираат.
- Учениците следат презентација со изводоци од познати филмски и музички фестивали и наградите што се доделуваат . И потоа се развива дискусија за следениот материјал и за нивните омилени автори / изведувачи/ филмски режисери и глумци .
- ВО улога на ..... Учениците во плик добиваат извадок од некој познат уметник. Ученикот што го извлекол пликот треба со свои зборови да го опише, а останаатите да го погодат уметникот.
- Учениците добиваат наставен лист со цел да го дополнат со соодветни именки и придавки пример :Вчера со _________ пријатели бев во ___ трговски центар. Таму имаше многу _________ продавници. Сакавме да купиме _________маица и __ фармерки . Фармерките беа многу _________, па купивме само ____________ пар.. Во трговскиот __________ имаше и многу ___________ за модни додатоци. Мене ___________ми се допаднаа паричниците во ____________боја. Имаше и нови ______________ на патики Џорданки. Но, мене ми требаа ____________чевли.
- Учениците добиваат наставен лист за да се пополнат празните места во речениците :
  Зборови за пополнување ( сребрен/а/о/и, убав/а/о/и , прекрасен/а/о/и, скапоцен/а/о/и
  Ова е ____________ланче . На ланчето има приврзок. На него има голем број дијаманти.
  Ова е ___________ прстен . Тој е од Франција. На него има пет дијаманти.
  Овој ______________каиш е изработен од многу __________камења и е многу стар и е од Америка.
  Учениците добиваат наставен лист на тема : Роденденски подарок . Треба да ги пополнат речениците со соодветни придавки и именки (рачен /музичко/ново/ фудбалска / топка/ родители / другари/блуза/ дрес фотоапарат / мотор / ранец / различни бои црвена жолта зелена / чевли / фустан / фармерки
  1. Па, јас добив __________ часовник од мајка ми и татко ми, а добив и_____________ цеде од брат ми.
  2. Јас добив __________ пенкало од моите ______________.
  3. Јас добив ____________ топка и _____________ со фудбалска топка насликана на _____________.
  4. Јас добив___________ фотоапарат и__________________.
  5. Јас добив __________________телефон.
  6. Јас добив нов ____________. Тој има жолти, црвени и портокалови кругови. Добив и бели ______________.
  - Учениците во разговор ги наведуваат и опишуваат знаменитостите во своето место на живеење. (спомен -куќи, споменици, археолошки објекти, верски објекти...)
  - Учениците гледаат емисии за верски објекти (црква/џамија), а потоа се делат во две групи. Двете групи преку цртеж илустрираат верски објект и во усна форма го опишуваат. Наставникот дава повратна инофрмација за успешноста и насоки за пдобрување.
  - Учениците учествуваат во игровна активност „Погоди го предметот и опиши го“, во парови. Секој ученик треба да замисли еден предмет кој се наоѓа во училницата. Потоа, секој ученик на лист хартија треба да напише три придавки кои го објаснуваат замислениот предмет (на пример, ако ученикот го замислил зборот „врата“ може да ги напише придавките: моја, убава, голема, мала, добра, сакана, почитувана, забавен, научен, современ, модерен, корисен, некорисен, традиционален, (не)познат, модрен, сам, осамен, сув, воден, точен, заљубен, свеж, погрешен, мрсен, бистар, матен, индивидуален, колективен (спорт), лојален, верен, домашен,

странски.). Потоа учениците си ги менуваат листовите и секој треба врз основа на напишаните придавки да го погоди замислениот предмет на своето другарче. Парот добива поен тогаш, кога и двајцата ученици од парот ќе го погодат зборот на своето другарче и ќе ги кажат граматичките категории на придавките кои се употребени за описот на зборот/именката.

- Учениците добиваат на наставен лист краток текст со содржина која е поврзана со некои од содржините по другите предмети. Ги пронаоѓаат именките во текстот, а потоа за нив смислуваат придавки со кои ќе образуваат смисловно и граматички правилни состави од именка и придавка/придавки.
- Учениците добиваат задача да смислат дијалог за купување и продавање на одредени предмети и притоа внимава на броевите до 1000 и нивниот начин на пишување и притоа да внимаваат да ги употреба следните глаголи бира/избира, одбира, гледа, кажува, значи, пее, удира, шутира, грми, сека дише, користи, мисли, се наоѓа, разговара, игра, глуми, шета, свири, ужива, се запознава, се шегува, разгледува, се распрашува, патува...
- Учениците добиваат наставен лист каде треба да го заокружат точниот глагол бира/избира, одбира, гледа, кажува, значи, пее, удира, шутира, грми, сека дише, користи, мисли, се наоѓа, разговара, игра, глуми, шета, свири, ужива, се запознава, се шегува, разгледува, се распрашува, патува...Пример: Јас вчера бирам/ избрав фустан. Јас кажувам/ раскажувам приказна. Петре сега го удри/удира Никола.
- Учениците работат во парови. Добиваат наставен лист на кој има запишано пет несвршени глаголи. Задачата е да ги трансформираат во свршени со користење на префикси (гради-изгради, мие-измие). Потоа, пет свршени глаголи треба да ги трансформираат во несвршени на тој начин што ќе им додадете суфикс -ва или -ува на свршените, на пример: седне (свршен) – седнува (несвршен), изгрее (свршен) – изгрева (несвршен). Сработено го презентираат пред целата паралелка. На крајот добиваат наставен лист со реченици во чиј состав се употребени глаголите: руча, вечера, телефонира и информира. Секој пар има задача да ја определи граматичката категорија вид кај посочените глаголи. Потоа се презентира сработеното и се коментира видската припадност на употребените глаголи – видската припадност се определува само во реченицата, во контекстот.
- Учениците се делат во парови и добиваат картички со измешани зборови и треба да напраават правилна реченица (сега, тогаш, секогаш, никогаш, овде, онде, таму , ваму, малку многу , храбро, силно, двојно, доволно тројно)
  Пример: Сега/книга/продавница/ купвам. Никогаш/сакам/ не/ луто /јадам.
  Учениците добиваат краток текст и треба да ги извадат извизите во училишната тетратка . Потоа со извадените извици да направат своја реченица .
- Учениците добиваат прости реченици и треба да ги поврзат со соодветни сврзници. и, па, ни, ниту, а, но, ама, меѓутоа, туку, или-или,освен што, значи, веројатно, сигурно, кога, откога, откако, штом, бидејќи, зашто, затоа што, доколку, дека.
  Пример: Од продавница купив леб____млеко. ______ќе јадам ____нема да јадам.
- Учениците се делат во парови и добиваат потврдна реченица. Имаат задача да постават правилно прашање со користење на прашални зборови и изрази: дали; што, кој; каде, кога, колку, зошто, како, каков, на кој начин, колку е далеку, колку пати, како си поминавте, како ви се допадна...Пример: Мене ми се допадна филмот . _____________ допадна филмот ?

- Учениците добиваат наставен лист со точно и грешно напишани зборови со едначење по збучност. Имаат задача да ги откријат натрапниците.
- Учениците на табла имаат напишано придавки и поделени во две колони . Добиваат задача да ги стават соодветните префикси за компаратив и суперлатив на точното место. Потоа добиваат задача да напишат реченица во која ќе употреба компаратив и суперлатив.
- Учениците работат во парови. Паровите добиваат пликови и насоки за да се одреди точниот вид на глагол со цел да се одреди / напише дејство во траење и завршено дејство . купува – купи, плаќа – плати, уплаќа – уплати, набавува – набави, се зачленува – се зачлени,закажува – закаже, поправа – поправи, се расипува – се расипе, најавува – најави, склучува – склучи, краде – украде, чисти – исчисти, се пазари – се испазари...
- Учениците добиваат реченици и имаат задача глаголите да ги направат со л-глаголска форма. Потоа се дискутира за разликата во значењето на изразувањето на глагоското дејство со глагол и глаголска л-форма.
- Учениците работат во парови со техника минута работа. Имаат задача да ги употребат глаголите СУМ со л-форма и има со глаголски придавки и минато-идно време и  дискутира за разликата во примерите  (пример Јас сум купил /Јас ќе сум купел / Имам купено; Јас сум порачал / Имам порачано.
- Учениците добиваат глаголи (купува , пазари, поправи, наоѓа, порачува, изнајми и слично и добива задача да ги направи во глаголски именки кои ќе ги употребат во еченица. Речениците потоа ги читаат пред сите во паралелката.
- Учениците добиваат задача да раскажат настан / случка со употреба на МОНВ и МОСВ. За успешноста добиваат повратна информација од своите соученици.
- Учениците добиваат кратки реченици во сегашно време и имаат задача да го променат времето во МОНВ/МОСВ (во зависност од видот на глаголот )
- Учениците добиваат задача да направат реченици во минато-идно време (пример ќе викав/ќе носев/ќе перев) и добиваат задача да ги менуваат истите реченици во негативна форма и во прашална форма.
- Учениците добиваат различни илустрации кои ќе им помогнат да напишат реченици во кои ќе ги употребат глаголите сум и има. Им се посочува да ги користат во различно лице и број и во различни времиња.(пр.: Овој човек во минатото имал скап и луксузен автомобил, сега има само велосипед со кој се рекреира.)
- Учениците се редат во круг . Секој ученик добива самолепливо ливче што го лепи на грбот од соученик и треба да напише неколку позитивни атрибути за истиот.
- Учениците добиваат листови со неколку прости реченици. Потоа добиваат задача да напишат една сложена реченица.
- Учениците добиваат текст со иста содржина. Меѓутоа се поделени во две групи . Едната група текстот со истата содржива е напишан само со прости реченици, а другата група е напишан со сложени реченици. Учениците треба да ја согледаат разликата меѓу речениците и да одредат кој текст им е поразбирлив. Потоа учениците од група еден добиваат задача да го напишат текстот со сложени реченици, а група два со прости реченици. Сработеното се споделува пред паралелката и се споредува точноста.
- Учениците добиваат задача да поврзат дадени реченици со избрани сврзници (И; НИ; НИТУ; ПА; ТА; НЕ САМО ШТО – ТУКУ И)

- Учениците добиваат наставен лист на кој што има задача да ги поврзат реченициите со соодветните сврзници за спротивни реченици (А, НО, АМА, ТУКУ, АМИ, МЕЃУТОА).
- Учениците добиваат наставен лист на кој што треба да ги стават соодветните сврзници и да одредат за каков вид на независносложена реченица се работи.
- Учениците добиваат линк изработен на wordwall.net. Во линкот се прикажува игра отвори ја кутијата. Во секоја кутија има различен вид на реченица и учениците го погодуваат одговорот.
- Учениците добиваат наставен лист со народна приказна пример: Горделивец ; Итар Пејо, попот и алвата и треба да ги одделат непознатите зборови и да се разговара за пораката на самата приказна.
- Учениците добиваат наставен лист со опис на ентериер од куќа и екстериер од куќа и имаат задача да направат опис на нивното омилено место.
- Учениците добиваат картички со природа и добиваат задача да направат кратка приказна за некој настан што би можел да се случи. / опис
- Двајца ученици добиваат краток дијалог кој го глумат пред паралелката. Учениците го запишуваат она што го слушаат, користејќи ги правописните правила за обележување на директниот говор. На интерактивна табла или на работен лист е запишана дијалошката форма и наставникот и учениците вежбаат правилен говор .
- Учениците, поделени во 5 групи, влечат по една од комплетот картички на кои се напишани (по едно на секоја картичка): РАСА (белци, црнци и други), ПОЛ/РОД (момче, девојче, жена, маж), ПРОФЕСИЈА (полицајци, лекари, наставници и други), ВОЗРАСТ (постари, помлади, тинеџери), ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВО (ќерка, син, мајка татко, баба, дедо). Секоја група треба, на голем лист хартија, да опише (со зборови и преку цртеж) како луѓето на избраната картичка се прикажани во медиумите (во филмовите, играните серии, рекламите) – како изгледаат, како се однесуваат и какви особини имаат. На друг лист хартија, треба и да наведат примери од медиумите во кои го виделе тоа (кој филм, серија, реклама). По завршување на работата, секоја група (една по една) ги закачува своите листови со описите и примерите на ѕид и ја презентира својата работа пред другите. По секоја презентација учениците од другите групи дополнуваат со свои примери и заеднички се констатира каков опис доминира во медиумите. Наставникот ги запишува на табла сите наведени описи што се совпаѓаат со вообичаените стереотипи за групите (пр.: Црнците се криминалци, продаваат дрога... Бабите се грижливи, прават пита, не се дотеруваат, Момчињата се храбри, силни, не плачат). Завршната дискусија е дека секој треба да работи на себеси и заедно во училницата во надминување на стереотипите.
- Учениците добиваат картички со ликови и кратко објаснување и треба да направат дијалог .
- Учениците работат во пар, добиваат текст, го читаат и од него извлекуваат десет збора по свој избор. Истите зборови ги користат за да напишат своја приказна.
- Двајца ученици добиваат краток дијалог кој го глумат пред паралелката. Учениците го запишуваат она што го слушаат, користејќи ги правописните правила за обележување на директниот говор. На интерактивна табла или на работен лист е запишана дијалошката форма со правилно употребени знаци за обележување на директниот говор од каде учениците заедно со наставникот/наставничката дискутираат за правилната употреба на знаците.

- Наставен лист со дадена приказна (предлог приказна Приказна за чизбургерот) и учениците имаат задача да одредат воведен , главен и краен завршен дел. Индивидуалната работа сите ја споделуваат на часот.
- Вежба за нов вокабулар: Погоди што значи. Учениците добиваат краток текст во кој има за нив непознати зборови. Треба да го погодат значењето на зборот од контекстот на реченицата. Зборовите се запишуваат на таблатаи се дискутираат.
- Учениците добиваат наставен лист со текст и празни места во речениците. Задачата им гласи да ги пополнат празните места во речениците . Притоа под самиот текст има по неколку понудени предлози за одговор во зависност што недостасува во реченицата . Пример има предлози, сврзници , глаголи , придавки .
- Вежба за раскажување . На наставничката катедра се поставуваат жолти картончиња во форма на цигли на кои што се испишани прашања : како започнува приказната, кои се ликови, дали има некаков проблем , со каков проблем се соочува ликот, кој е негативен лик во приказната итн . Со секоја картичка учениците се охрабруваат да ги одговорат прашањата на читан текст со цел да се вежба говорот на јазикот.
- После прочитан текст наставникот пушта квиз со прашања поврзани со читаниот текст. Учениците добиваат задача да го одговорат прашањето.
- Предвидување – ( со бура на идеи според наслов на одреден текст / приказна ,) учениците предвидуваат што би можело да се случи во приказната. Потоа се чита и се утврдува точниот одговор.
- Интервју : Секој ученик добива картичка (два вида на картички : едниот новинар и поставува прашања, другиот – познат лик личност одговара на прашањата.
- На претходно подготвена презентација, учениците проследуваат слајдови со фотографии. Во тетратката треба да ги запишат називите и имињата на тоа што го гледаат (историски настани, културни собири, цркви, манастири, политички партии). Потоа примерите се запишуваат на таблата и се дискутира како се запишани. По дискусијата следуваат слајдови со точно напишани имиња.
- Учениците работат самостојно. Добиваат текст на кој му недостигаат интерпункциски знаци: точка, запирка, прашалник, две точки, три точки, извичник, апостроф, наводници. Треба да ги запишат на соодветното место. На крајот од активноста добиваат по еден работен лист со точно употребени интерпункциски знаци и секој ученик ја проверува точноста на употребените знаци.

Тема: **Комуникации, поврзувања и запознавање на сличностите и разликите**
Вкупно часови: 14

**Резултати од учење:**
Ученикот/ученичката ќе биде способен/на да:

1. составува реченици со соодветен вокабулар во кои кратко го објаснува она што го планира во однос на себеси и на својот развој, своето мислење и своето поврзување со другите.
2. составува реченици на македонски јазик: прости и сложени.
3. учествува во разговори во кои го изразува своето мислење користејќи содветни форми од именките, придавките и заменките.
4. користи фрази и реченици во сегашно, минато неопределено и идно време во содветни форми од глаголите кои ги користи.
5. води и учествува во разговори на различни теми.

| Содржини (и поими): | Стандарди за оценување: |
|---|---|
| **А) Комуникациски модели**<br><br>• **Планирам и се организирам**<br>*Денес ќе ги завршам следниве задачи … Ова ми е планот: Што ќе правам прво? Што ќе правам следно? Каде ќе учам? Кога ќе правам пауза? Кога ќе завршам со работа? Ќе разговарам за планот со: …*<br><br>*Ќе бидам задоволен ако успеам во следново: …*<br>*За да го подобрам учењето, ќе побарам помош од следниве ученици: …*<br>*Кога ќе се уморам, енергијата ќе ја надополнам со …*<br>*Кога ќе завршам ќе играм плејстејшн.*<br>*Кога ќе завршам можам да гледам кратки видеа на Тик-ток.*<br><br>*Ова лето ќе одам на часови по нуркање.*<br>*Наесен ќе се зачленам во планинарско друштво.*<br><br>• **Јас мислам-ти мислиш**<br><br>*Како да ги слушаме и разбереме мислењата и ставовите на другите?*<br>*Ставовите за учењето/предметите, спортот, литературата, театарот;*<br>*Јас мислам дека учењето е...*<br>*Спортувањето е ....*<br>*Јас мислам дека нашите соученици од осмо одделение ќе ги надиграат учениците од деветто одделение на натпреварот во кошарка утре.*<br>*Јас мислам дека ќе победат учениците од деветто.* | • Правилно ги глаголските форми во фрази (Кога ќе ...тогаш ќе...) со кои ги искажува/планира идни дејства.<br>• Поставува прашања и одговара на прашања користејќи глаголски форми за идно време.<br><br>• Составува искази со кои објаснува каков е неговиот став за одредена тема.<br><br>• Составува прашања и одговори со употреба сегашно време и глаголска именка искажувајќи мислења кои се однесуваат на работи од неговиот/нејзиниот живот.<br><br>• Објаснува со свои зборови за што му служи интернетот и социјалните мрежи и која е според него/неа подобра.<br><br>• Користи нов вокабулар коментирајќи ги ставовите на своите соученици за директната и онлајн комуникацијата. |

| | |
|---|---|
| *Директна или онлајн комуникација – јас мислам дека подобра е ... комуникација затоа што…*<br>*Интернетот е место каде што...*<br>*Сметам дека интернетот не е место каде што...*<br><br>• **Решавање конфликти**<br>Како да ги изразиме своите чувства<br>*Дали се согласувате со изреката: Силни сме кога прифаќаме помош!*<br>*Како да се справам/име со проблемите?*<br>*Што очекувате од добриот пријател кога имате проблем?*<br>*Кои се вашите јаки страни кога другите ви бараат помош?*<br>*Кој одговор не ви се допаѓа кога сакате да разговарате за вашите проблеми?*<br>*Како можат да ве познаат дека не сте расположени?*<br>*Што можат да направат пријателите за да може полесно да зборувате за проблемите?*<br>*Дали барате помош од наставник? Од родител/ите?*<br>*Дали сте дел од конфликти каде поради нешто сте различни?*<br>*Како да се надминат конфликтите во училиште?* | • Разговара и дава предлози за надминување конфликт сопоставувајќи ги сегашното и идното време во своите искази.<br>• Користи соодветен нов вокабулар соодветен на темата. |
| **б) Лексички единици**<br>***Именки:*** *задачи, организација, план, работа, обврски, интернет, плејстејшн, видео, тик-ток, натпревар, став, мислење,*<br>**Глаголски именки:** *планирање, забавување, организирање, спортување*<br>**Придавки:** *домашна, странска, несоодветно: соодветно* | • Соодветно користи лексички единици во искази и реченици почитувајќи ги граматичките правила за употребата на именките, придавките и заменките во соодветна категорија.<br>• Соодветно користи лексички единици во реченици почитувајќи ги граматичките правила за употреба на глаголите во соодветно време, лице и број (сегашно, минато неопределено и идно време) |

| | |
|---|---|
| **Глаголи:** мисли, комуницира, зборува соопштува советува, предлага, се согласува, не се согласува, се воздржува. | |
| **в) Граматика**<br>• **Заменки**<br>Лично – предметни заменки: кој, која, кое, кои,што и чиј, чија, чие, чии и форми за прашални, одречни, неопределени заменки.<br>*Секој сака нешто да каже.*<br>*Чиј став е тоа? Кој рекол така?*<br>*Која ученичка ќе се натреварува?*<br>*Ништо не му верувам.*<br><br>• **Идно време**<br>*Прво ќе пишувам домашна, потоа ќе читам лектира*<br>*Ќе се истуширам и ќе одам на роденден.*<br>*Ќе правиме тест по математика наредната недела.*<br>*Кој ќе го заменува наставникот по Англиски јазик идната среда?*<br>*Ајде да се организираме за викендов за трчање, ќе има маратон.*<br><br>• **Минато неопределено време**<br>*Тој следел многу натпревари.*<br>*Ние сме биле победници во таа игра само двапати.*<br><br>*Нелични глаголски форми - глаголска именка*<br>*Организирањето е најтешка работа.*<br><br>• **Прилози:** утре, подоцна, вечер, наутро, попладне.<br>• **Реченица – проста и сложена** | • Правилно ги користи видовите лично- предметните заменки.<br><br>• Поставува и одговара прашања користејќи идно време за дејства кои ќе се случат по моментот на зборувањето.<br>• Составува реченици со употреба на познати глаголи во идно време изразувајќи ги своите планови.<br>• Раскажува користејќи глаголски форми за минато неопределено време за дејства и настани на кои не бил сведок или пак некој му ги пренесол**.**<br>• Соодветно користи атрибут во реченици.<br>• Разликува видови прилози и правилно ги употребува во писмена и усна комуникација.<br>• Составува прости и сложени реченици користејќи ги формите на изучените глаголски времиња. |

| | |
|---|---|
| Подмет, прирок, атрибут и прилошки определби во реченицата; видови прилошки определби | |
| **г) Читање и пишување**<br>**(содржини од темата: планирања, изразување свои мислења, решавање конфликти)** | • Чита и разбира едноставни текстови од познати македонски писатели.<br>• Чита текстови и одговара на прашања за нив.<br>• Поставува прашања за прочитан текст.<br>• Пишува кратко резиме за прочитан краток текст на зададена тема.<br>• Одредува делови на текст и по еден клучен збор во пасус. |
| **д) Теми за дискусија**<br>• Тимска работа – (тим, припадност, заеднички напор, успех, соработка и комуникација во тимската работа) | • Дискутира за важноста на тимската работа и важноста од постоење на тим и членување во тим.<br>• Дава свои предлози за успех на тимот.<br>• Користи содветна лексика за изразување и поттикнување на соработка и позитивна комуникација. |

**Примери за активности**

- Учениците работат самостојно. Правата план за активностите кои ги завршуваат во текот на денот и презентирааат. Користат идно време во своите искази. Наставникот ги коригира евентуалните граматички и лексички грешки.
- Учениците во пар кажуваат реченици со фразата *кога ќе:* Пример*: Кога ќе станам ќе дојдам на игралиште.*
- Учениците во групи од четворица прават дијалози менувајќи си ги улогите, прашуваат и одговараат. *Кој ќе дојде утре во кино со нас? Прво ќе дојдат Маја и Миро, а потоа ќе дојдат и Љатифе и Џемаил.; Што ќе купиме како подарок за роденденот на Беса? Ќе купиме комплет книги, таа сака да чита.*
- Учениците запишуваат на ливче теми за кои сакаат да разговараат (од оние кои ќе ги понуди наставникот на таблата). На часот се разговара за онаа тема за која најмногу биле заинтересирани, а се остава простор за другите теми да се направи разговор на наредните часови. Учениците во сите свои искази користат формулација од типот: *Јас мислам дека...затоа што...*
- Учениците смислуваат реченици по даден пример*: Организирањето е важно за сите во училиштето.*
- Учениците имаат задача да напишат по три причини зошто би сакале да користат повеќе директна комуникација или пак социјални мрежи. Секој ги претставува своите причини за избор пред сите во паралелката.
- Учениците добиваат конкретен проблем во секоја група: да одберат заеднички кој филм ќе го проследат, да креираат постер за фудбалски натпревар со публика од различни етнички заедници во кој ќе повикаат на спортско однесување и навивање, да одберат

боја на маичките за својот тим кој ќе оди на квиз натпревар. Секоја група користи свои начини на комуникација, но сите мора да се пристојни едни со други кога треба да направат усогласување на ставовите.

- Наставникот чита реченици, а учениците го забележуваат со емотикон секое од чувствата кои ги имаат за речениците. Кој сака го искажува и гласно своето чувство за она што го слушнал или пак со една реченица го објаснува својот емотикон и го става до реченицата која му остаила најсилен впечаток.
- Учениците пополнуваат празни места со нови именски зборови кои треба да бидат напишани во соодветен род и број.
- Учениците го ставаат глаголот кој е во заграда во дадена реченица, во соодветно време. Се проверуваат заеднички откако ќе завршат со пишување.
- Наставникот покажува примери на таблата употребувајќи различни видови лично-предметни заменки. Учениците во пар пишуваат по еден дијалог во кој има најмалку четири реплики. Напишаното се чита пред сите во паралелката.
- Учениците добиваат улистрации на умната табла и за нив смислуваат реченици во минато неопределено време.
- Учениците ги запишуваат своите планови за до крајот на неделата користејќи идно време.
- Учениците пишуваат краток текст на тема за која ќе се договорат и во кој употребуваат прости и сложени реченици, но и ги употребуваат на соодветно место членовите на реченицата: подмет, прирок прилошки определби. Точноста се проверува заеднички на табла со по неколку примери.
- Учениците за предмети и личности по сопствен избор, смислуваат придавки, односно атрибути. Атрибутите ги користат во соодветни примери од реченици.
- Учениците добиваат задача да употребат сегашно и идно време во една сложена реченица. Точноста ја проверуваат со споделување со сите во паралелката.
- Учениците читаат текст од македонски автор. Ги изделуваат зборовите кои им се нејасни, и за нив дискутираат во паралелката, а потоа прават прашања за прочитаното. Секој своето прашање го кажува гласно, а соучениците го одговараат.
- Учениците читаат текст поврзан со некоја од комуникациските теми. Прават кратко резиме и го споделуваат во паралеката.
- Учениците читаат краток текст на тема која ја избрал наставникот. За секој посебн дел/пасус запишуваат збор кој го обележува тој пасус. Споделуваат во паралелката.
- Учениците добиваат задача за која се поделени во групи. Задачата е потребно да ја решат во неколку нивоа: да ја прочитаат мапата, да го најдат скриениот предмет според мапата во училницата, да го опишат предметот и да напишат каде се употребува и каде уште може да најде примена тој предмет. Пример на мапата и во училницата бараат учебник по нешто, сет од рачен алат, конец со игла и слично. Учениците презентираат според редоследот по кој завршуваат.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноптравност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да се овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот треба да направи согледување на претходните искуства, знаења и вештини на учениците, континуирано да ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и да прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;
- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;
- домашните задачи;
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето;
- контролните вежби;
- тестовите на знаења;
- изработките/ практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, прикази, илустрации, презентации и сл.);

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. На крајот од учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2026/2027 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Македонски јазик за учениците од другите заедници* за VIII одделение.** | бр. 12-12084/16<br>12.9.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>______________________________ |